# Стратегија за одбегнување на отпад и обновување на средства за 2003 година за Нов Јужен Велс

## 1. Каква е Стратегијата?

Стратегијата NSW Waste Avoidance and Resource Recovery Strategy 2003 нуди основа за намалување на отпадот и за подобро користење на нашите средства. Оваа стратегија е прва од ваков вид во Австралија.

Стратегијата се однесува на производи и материјали кои во заедницата обично се познати како "отпад" и кои често се отстрануваат на депонија.

Во Стратегијата се изложува "каде се наоѓаме сега" и "каде сакаме да бидеме во иднина", и со кои предизвици се соочуваме за да го постигнеме тоа. Со стратегијата се утврдени целите и програмата за делување, кои истовремено се реални и далекувидни и кои ги одразуваат најдобрите искуства и постигнувања, како во Австралија така и меѓународно.

За Стратегијата има поддршка од стопанството, групи во заедницата, групи за заштита на животната средина, поединци, државната влада и локални управи, сите изразувајќи подготвеност да работат заедно за да ги постигнат целите одредени со неа.

Владата на Нов Јужен Велс ги поддржува мерките и целите изложени во Стратегијата.

Успехот кој ќе се постигне преку партнерство претставува камен-темелник на Стратегијата, која исто така се заснова на постоечките напори и успеси, многу во заедницата работеле напорно за да ги постигнат.

Ние можеме да постигнеме многу повеќе и Стратегијата им нуди совети на сите сектори каде може да се постигне најголема корист. Таа помага да се утврдат приоритетите за делување и можностите за соработка. Таа исто така ќе овозможи да се утврдат начелата и приоритетите и да се заземе еден усогласен пристап на сите нивоа во владата и стопанството.

## 2. Како беше разработена Стратегијата?

Resource NSW е служба на државната влада, која беше формирана според Waste Avoidance and Resource Recovery Act 2001 (Закон за одбегнување на отпад и обновување на средства од 2001г.). Нејзината улога е да подготви основа во државата и да го поддржува спроведувањето на програми за одбегнување да се создава отпад и обновување на средствата низ Нов Јужен Велс.

Службата Resource NSW го објави нацртот на Стратегијата во септември 2002г. со цел да добие мислење за неа. Таа одржа средби на кои можеше да ги слушне впечатоците во врска со стратегијата и доби над 75 доставки. Овие доставки содржеа вредни мислења, кои помогнаа да се подобрат одреден број работи во Стратегијата.

Стратегијата, меѓутоа, претставува жив документ и се согледува дека останува да се изврши многу работа во текот на 2003г. за да се разработат одредени мерки, улоги, одговорности и планови за спроведување. Овој процес ќе вклучува блиска соработка со следните групи кои ќе работат во партнерство со цел да ги постигнат резултатите и целите кои се утврдени во Стратегијата:

- Служби на државната влада, посебно службите Resource NSW, Environment Protection Authority (Служба за заштита на животната средина) и Planning NSW (Служба на Нов Јужен Велс за планирање)
- Месни општини
- Деловни организации, вклучувајќи ги и организациите во малопродажба и производство
- Претпријатија за депонирање и преработка на отпад
- Сопственици на куќи/станови
- Потрошувачи
- Стопански здруженија
- Невладини организации
- Образовни установи
- Групи во заедницата и групи за заштита на животната средина.

## 3. Колку сме напреднале досега во намалувањето на отпадот?

Со намалувањето на отпадот добро напредуваме, меѓутоа се уште има простор за подобрување.

Ако се осврнеме на сите извори на отпад, за секоја економска дејност во вредност од еден долар во Нов Јужен Велс, денес создаваме 25 насто помалку отпад во споредба со пред 10 години. Ако ги разгледаме податоците само за отпадоците на ниво на општини, се работи за намалување од 40 насто. Во трговскиот и стопанскиот сектор, како и во секторот на изградба и рушење на објекти, намалувањето на отпадот се одвива побавно. Во Нов Јужен Велс, повеќе од две третини од домаќинствата (68 насто) се наоѓаат во општинските области каде што отпадот се собира од домовите за повторна преработка. Три од секои четири домаќинства ги распределуваат отпадоците за повторна преработка.

Исто така, значително е подобрено еколошкото работење со отпадот со новите прописи за отпад и упатствата за проценка на отпад, како и со упатствата за подобро работење со депониите, подобрениот систем за откривање на штетен и индустриски отпад и построгите закони за недозволено фрлање и оставање отпадоци на јавни места.

Други важни инцијативи се:

- Групи на општините во регионалните области на Нов Јужен Велс работат заедно на воведување на договори за собирање на отпад во селските подрачја, по реална цена, и тоа за посебни услуги, вклучувајќи ги градинарските органски материи, собирање на црно железо и штетни отпадоци од домаќинствата/фармите.
- Програмите за почисто производство им помагаат на организациите во стопанството да создаваат помалку отпад и да ги намалуваат трошоците на работа.
- Сите владини служби во државата го применуваат намалувањето на отпадоци и купуваат повеќе производи од преработени материјали.
- Повеќе подучување во заедницата, поголема поддршка за општините и засилено спроведување на закони помагаат да се реши проблемот околу фрлање на ѓубре и незаконско оставање на отпадоци на јавни места; и
- Дотациите за намалување на отпад во вредност од скоро 6 милиони долари им овозможуваат на училиштата, стопанството, локалните општини, групите во заедницата и поединците да се соочат со одредени проблеми во врска со отпадот.

## 4. Накратко за Стратегијата

### (i) Принципи на работа

Стратегијата е подготвена за да ни помогне да гледаме на отпадот како дел од животниот циклус на стоката и материјалите. Животниот циклус се состои од добивање суровини, преработка, дистрибуција, потрошувачка и собирање за повторна преработка или отстранување. При секој чекор во оваа низа, мора да преземаме мерки за да го избегнуваме и спречуваме создавањето на отпад.

Стратегијата е одраз на тековните прописи и закони во Нов Јужен Велс, и на неодамнешните испитувања и извештаи кои придонесуваат да ги разбереме предизвиците со кои се соочуваме. Во дополнение, таа ги потврдува нашите национални и меѓународни обврски и способноста за нови пристапи на национално ниво, посебно во однос на тоа како да работиме со производи и Extended Producer Responsibility (Зголемени обврски на производителите), земајќи предвид дека на национално ниво се посветува се поголемо внимание на деловната дејност.

Стратегијата исто така се заснова на овие важни принципи, кои мора да не водат во нашите постапки.

- Витално стопанство
- Економски добивки за Нов Јужен Велс
- Не постои "единствен одговор" за сите сектори
- Ќе се водиме според резултатите кои треба да се постигнат
- Пристапи кои ќе се засноваат на партнерство
- Локални решенија
- Информации за целиот животен циклус
- Подобрување на постоечките системи
- Вклучување на заедницата при донесување на одлуки
- Обединет пристап

### (ii) Основа и цели

Во 2000г., над 6 милиони тони отпад беа отстранети на депониите во Нов Јужен Велс, и иако го намаливме отпадот и ја зголемивме преработката во многу области, и понатаму се соочуваме со огромен предизвик. Овој предизвик ја одразува состојбата насекаде низ светот каде што зголеменатa економска дејност скоро секогаш се отсликува во создавањето на се повеќе отпад.

Со Стратегијата се утврдени четири клучни области во кои мора да постигнеме резултати.

Тие се:

- Избегнување и спречување да се создава отпад.
- Зголемена употреба на материјали кои можат да се обновуваат и надоместуваат.
- Намалување на токсичноста на производите и материјалите.
- Намалено фрлање на ѓубре и незаконско оставање на отпадоци на јавни места.

За секоја област во која треба да се постигнат резултати предложени се пошироки цели. Тие се прикажани во табелата што следува. Станува збор за општи цели кои ниту еден сектор или група не може да ги остварат поединечно. Нивното остварување зависи од секој поединец, организација, регион или сектор, утврдувајќи го посебниот придонес кои тие можат да го дадат за да помогнат во тоа.

Со спречувањето да се создава отпад, во следните пет години треба да се задржи нивото колку отпад се создава. Ова значи дека после пет години, имаме за цел да не создаваме повеќе отпад отколку во 2000г., земајќи ги во предвид предвидениот пораст на населението од околу 1 насто годишно и економскиот пораст од околу 2,5 насто годишно.

Оваа цел ќе биде самата по себе предизвикувачка, меѓутоа, исто така ќе ни го даде времето кое ни е потребно да се подготвиме и да активираме детална Waste Prevention Strategy (Стратегија за спречување да се создава отпад) која ќе има за цел да ги намали стапките за идните генерации наместо едноставно да ги одржува на исто ниво. Во текот на 2003г., службата Resource NSW ќе ја разработи оваа Стратегија во блиска соработка со општините, стопанството и заедницата.



| Област во која треба да се постигнат резултати | Цел |
|---|---|
| Спречување и одбегнување да се создава отпад | Отпадот што ќе се создаде во следните 5 години да се задржи на исто ниво |
| Зголемено обновување и користење на секундарни средства | До 2014г.:<br>Да се зголеми обновувањето и употребата на материјали од општинскиот сектор од сегашните 26 насто на 66 насто<br>Да се зголеми обновувањето и употребата на материјали од комерционалниот и стопанскиот сектор од сегашните 28 насто на 63 насто<br>Да се зголеми обновувањето и употребата на материјали од секторот за изградба и рушење на објекти од сегашните 65 насто на 76 насто. |
| Намалување на отровните материи во производите и минералите | До 2014г. или порано:<br>Првенствено, постепено да се отстранат приоритетните материи во веќе утврдените производи, или ако тоа не може да се направи, тогаш да се премине на максимално обновување за повторна употреба и<br>ако како единствено можно решение, се бара отстранување на утврдените производи кои ги содржат овие приоритетни материи, дозволеното "процедување" на овие материи ќе се намали на нивоата кои се дозволени за инертни отпадоци. |
| Намалено фрлање на ѓубре и незаконско оставање на отпадоци на јавни места | Да се намали вкупната количина и тонажа на ѓубрето кое годишно се пријавува.<br>Да се намали вкупната тонажа на незаконски фрлени материјали, за кои годишно известуваат регулативните служби и RID одделите. |

Табела 1: Општи цели за секоја област во која треба да се постигнат резултати

Целите за обновување на средствата кои се усвоени во оваа Стратегија се т.н. Aggressive Resource Recovery targets (Цели за засилено обновување на средства) кои Tony Wright ги предложи во Independent Public Assessment – Landfill Capacity and Demand (Независна јавна проценка – Капацитет на депониите и побарувачка). Ние ќе имаме за цел да ги оствариме овие цели во следните 12 години.[1] Ова значи дека треба да ги зголемиме нивоата на обновување според табелата подолу:

| Извори | Обновување на материјали - сегашно | Предлог за засилено обновување (до 2014г.) |
|---|---|---|
| Општински | 26% | 66% |
| Комерцијални | 28% | 63% |
| Градежни | 65% | 76% |

*Табела 2. Цели за обновување на материјали*

Целта да се намалат потенцијално отровните материи во производите е важна затоа што мали количини може да предизвикаат сериозно и постојано оштетување на околината. Поточно, првенствено имаме цел постепено да ги отстрануваме приоритетните материи во веќе утврдените производи. Ако ова не може да се оствари, треба да постигнеме максимално обновување за повторна употреба, а во случај кога како единствено можно решение е потребно да се отстранат утврдените производи кои ги содржат овие приоритетни материи, тогаш ќе се намали дозволеното "процедување" на материите во количини кои се дозволени[2] за инертни отпадоци.

Во почеток, ќе внимаваме на мал број приоритетни материи, посебно на оние материи кои ако се измешаат со други отпадоци, може да го спречат или ограничат обновувањето и преработката на целиот извор. Овие материи ќе бидат одредени со интезивно истражување под раководство на управна група одговорна за сите сектори.

Во врска со намалувањето на ѓубрето и незаконското фрлање на отпадоци на јавни места, не се одредени количини кои треба да се постигнат, затоа што се уште немаме точна претстава за количината на ѓубре и отпадоците кои се отстрануваат незаконски. Службата EPA наскоро ќе соопшти кои методи ќе ги користи при мерењето и известувањето за количнината на ѓубрето што го создаваме. Овие методи ќе се користат како основа при проценката на нашата тековна работа и за утврдување на цели. Ние, исто така, треба повеќе да работиме на тоа како да го проценуваме незаконското отстранување на отпадоци и како да ја одредуваме ефикасноста на различните стратегии кои се користат за да се решат проблемите околу ѓубрето и незаконското отстранување на отпадоци.

1 Wright 2000. Со Планот бр.7 се предвидува дека е потребно да помине период од 6 години за да можеме да преминеме од сегашната состојба кон подобрено обновување на материјали, а после тоа уште 6 години за да преминеме од подобрено кон засилено обновување на материјали.

2 Според известувањата на службата EPA



### (iii) Приоритетни мерки

#### Помали цели и планови за делување во врска со посебни материјали и сектори

Во текот на 2003г., службата Resource NSW ќе работи со важни учесници, вклучувајќи ги стопанските сектори и здруженија, општините, владините служби и групи во заедницата, на разработување на планови за делување и помали цели. Тие ќе помогнат да се забрзаат работите и ќе ни понудат краткорочни пресвртници кои ќе работиме да ги оствариме додека се стремиме да ги постигнеме крајните цели до 2014г.

Помалите цели исто така ќе им обезбедат фокус на оние кои работат во одредени сектори, на пример, на трговците на мало, производителите, владините служби, или при производство или создавање на одредени производи или материјали, на пример, канцелариска хартија, прехрамбени отпадоци, асфалт.

Со Стратегијата веќе се утврдени многу мерки кои можат да ги преземат луѓето во секој дел од системот на проток на материјали, а утврдени се и секторите, производите и материјалите каде што постојат значителни можности за делување со цел да се намали количината на отпад и да се обновуваат средствата. Овие ќе се користат како основа во дискусиите со секоја група.

Измените во секој дел од системот не ќе може секогаш да ги постигнат само клучните актери во таа област. Во стопанството, државната влада, локалната управа и заедницата ќе биде потребна соработка и партнерство.

#### Мерки за целиот систем

Со Стратегијата се утврдени некои одредени мерки кои ќе влијаат на одбегнувањето да се создава отпад и на обновувањето на средствата во сите области на системот и кои ќе влијаат на секоја од четирите области во кои треба да се постигнат резултати. За спроведување на мерките ќе биде потребна поддршка и вклучување на секој дел од системот, и нив ќе ги координира службата Resource NSW. Во реализацијата и спроведувањето исто така ќе бидат вклучени и важни групи, и тоа на редовна основа.

Овие мерки се:

- Да се разработи Strategy Implementation Plan (План за спроведување на Стратегијата) во кој детално ќе бидат објаснети програми, буџети, пресвртници и обврски за секоја област во Стратегијата наведена во која треба да се постигнат резултати, и тоа во соработка со клучните учесници.
- Да се подготви Waste Prevention Strategy (Стратегија како да се спречи создавањето на отпад) во текот на следните 12 месеци, како придружен документ на оваа Стратегија. Со документот ќе се утврдат методите за мерење во колкава количина ќе се спречи создавање на отпад, посебни цели за клучните сектори и материјали, таму каде што тоа ќе одговара, како и потребните мерки, во поединости, за да се остварат овие цели.
- Да се воспостави контрола и систем на известување за целиот синџир на снабдување.
- Да се отпочне со иницијативи за раководење со производите во целиот систем за да се спречи создавањето на отпад, да се обновуваат средствата, постепено да се отстрануваат утврдените отровни материи и да се намали количината на фрлено ѓубре и на незаконски оставените отпадоци.
- Да се формира група одговорна за сите сектори која ќе го надгледува истражувањето за да може да ги утврди потенцијално најштетните загадувачи во штетните отпадоци од комерцијалниот и стопанскиот сектор, секторот за изградба и рушење на објекти, како и од домаќинствата. Ова истражување треба да се користи за утврдувањето на приоритетните материи.
- Да се формира NSW Litter and Illegal Dumping Action Alliance (Сојуз на Нов Јужен Велс за мерки во врска со фрлање ѓубре и незаконско отстранување на отпадоци)
- Да се воспостави една усогласена стратегија која ќе ги подучува луѓето на државно ниво, која ќе го поддржува одбегнувањето да се создава отпад и обновувањето на материјали, и која ќе ги вклучува и обединува напорите на сите оние кои нудат образование од формалните образовни институции со програми кои се спроведуваат преку општините, други владини организации во државата, поединечни компании, стопански здруженија, етнички и други организации во заедницата. Оваа стратегија ќе биде во согласност со NSW Environmental Education Plan 2002-05 (План за подучување за животната средина во Нов Јужен Велс за 2002-05г.), кој владата неодамна го прифати.

## 5. Контрола и известување за работата

Стратегијата ќе се разгледува секои две години. Ова ќе го координира службата Resource NSW. Исто така ќе се издава годишен извештај за напредок во работата.

## 6. Примероци од Стратегијата

Стратегијата NSW Waste Avoidance and Resource Recovery Strategy може да се добие во печатени примероци, на CD ROM, или по електронски пат.

Можете:

- да ја земете од Интернет страните на службата Resource NSW на: www.resource.nsw.gov.au
- да побарате примерок (печатен или на CD) ако телефонирате во службата Resource NSW на 02 8837 6000.
- да ја побарате преку електронска пошта на: strategy@resource.nsw.gov.au

Исто така може да се добијат примероци од овој кус преглед, вклучувајќи примероци на осум јазици кои се користат во заедницата.